УНИВЕЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ

„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
СКОПЈЕ

**06**

**2013-2015**

Скопје, февруари 2019

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ во Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на Македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко ЃОРЃЕВСКИ, декан

Уредници: д-р Анета Јовковска, м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје

Тираж 3 примероци

До:

НАСТАВНО НАУЧЕН СОВЕТ НА
ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

Скопје, 01. јули 2013

Во врска со Одлуката на Наставно-научниот совет на овој Факултет, бр. 139 од 20.06.2013 год. со која е формирана Комисија за избор на соработник по предметот Догматика, во состав: д-р Милан Ѓорѓевиќ, м-р Петко Златески, м-р Владо Недески, по завршената должност, го поднесуваме овој

РЕФЕРАТ

На конкурсот за избор на еден сорабтник за предметот Догматика објавен во дневниот весник „Вечер“, од 17.05.2013, се пријавил кандидатот отец Бобан Митевски, роден на 10.01.1983 во Скопје. Кандидатот отец Бобан Митевски е тековен соработник (помлад асистент) на катедрата за систематско богословие на нашиот факултет, православен свештеник во параклисот „Свети Николај Чудотворец“ во нас. Аеродром во Скопје и шеф на кабинетот на Поглаварот на Македонската православна Црква. Средно образование завршил во МПБ „Свети Климент Охридски“ во Скопје. Дипломирал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје (2007) со општа оценка 9,00. Дипломирал на филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје на групата *Македониски јазик и јужнословенски јазици* со средна оценка 8,79.

Кандидатот приложил:

- Дипломи за завршено средно и високо образование;
- Диплома за завршена едногодишна школа за новинарство;
- Уверение за положен испит за лектор;
- Одлуки од претходниот конкурс (2009) за избор на кандидатот Бобан Митевски за помлад асистент на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје.

Кандидатот презентира богато работно искуство, меѓу другото:

- Помлад асистент по *Догматика* на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје (2009-);
- Асистент во кабинетот на Архиепископот на МПЦ (2009-);

- Свештеник во параклисот „Свети Николај Чудотворец“ - Скопје (2012-)
- Педагог во интернатот на МПБ „Свети Климент Охридски“ - Скопје (2006-2007);
- Демонстратор по предметите *Дијалектологија на македонскиот јазик 1.* и *Дијалектологија на македонскиот јазик 2.* на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици (2006-2007);
- Преведување и лектура на книги.

Освен тоа, кандидатот приложи вкупно 20 објавени и необјавени авторски текстови, меѓу кои:

- *Тајната на воплотувањето на Спасителот, Господ Исус Христос*, дипломска работа, под менторство на проф. Јован Таковски, одбранета 2007 на Богословскиот факултет;
- *Предговор за „Воскресник“ од Манасиј Поп-Тодоров,* издание на САС на МПЦ-ОА;
- *Летопис на поновата историја на Бигорскиот манастир*, објавен во „Православна светлина“, бр. 4., год. 1., списание на Повардарската епархија;
- *Соборен храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје*, во подготовка за изданието на Министерството за култура „Публикации за позначајните вредности од областа на културното и природното наследство“.

Со оглед на фактот дека кандидатот отец Бобан Митевски до сега квалитетно и одговорно ги извршуваше своите обврски како помлад асистент на нашиот факултет, како и на фактот дека и покрај многубројните административни и пастирски ангажмани континуирано напредува во своето образование и научно-истражувачката работа, сметаме дека истиот во целост ги исполнува условите за понатамошно вршење на неговата досегашна дејност на Факултетот.

Поради тоа имаме чест на Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ да му предложиме кандидатот Бобан Митевски да биде повторно избран за соработник по предметот *Догматика.*

Членови на Комисијата:

1. д-р Милан Ѓорѓевиќ

2. м-р Петко Златески

3. м-р Владо Недески